ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС
СТ.бр.120/11
23.01.2012 год.
В Е Л Е С

# О Г Л А С

Со решение СТ бр.120/11 од 23.01.2012 год. на Основен суд Велес **СЕ ПОВЕДУВА ПРЕТХОДНА ПОСТАПКА за испитување на услови за отворање на стечајна постапка над должникот** Трговско друштво за производство, промет и услуги Ина-Комерц Ангелинка увоз-извоз ДООЕЛ Гевгелија со седиште на ул Слободан Митров Данко бр 63 Гевгелија, со трансакциска сметка бр.200000012102973 во Стопанска банка АД Скопје, со трансакциска сметка бр.240270000878496 во Универзална инвестициона банка АД Скопје со трансакциска сметка бр 270000000737960 во Халк банка АД Скопје, со единствен матичен број на субјектот 4439554, со единствен даночен број 4006992101051, со приоритетна дејност-47.11, трговија на мало во неспецијализирани продавници, претежно со храна, пијалаци и тутун.

Се закажува рочиште поради изјаснување по предлогот за отварање на стечајна постапка на ден 13.02.2012 год во 14,00 часот во судница бр.3 на овој суд.

**ЗА ПРИВРЕМЕН СТЕЧАЕН УПРАВНИК СЕ ОПРЕДЕЛУВА** лицето Звонко Караманов од Гевгелија ул Слободан Митрев Данко бр 57 Гевгелија со моб.тел. 070/ 990-211.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** привремениот стечаен управник да изготви писмен извештај по извршен увид во деловната и книговодствената евиденција на должникот и да утврди дали должникот има движен и недвижен имот, неизмирени обврски спрема доверители, обврски по основ на плата и придонеси од плата, состојба по однос на платни даноци и придонеси, побарување од купувачи, стоки на залиха опрема и инвентар, состојбата на средствата на сметката на должникот дали истата е блокирана, доколку е блокирана основот и висината на блокадата и дали должникот е неспособен за плаќање.

Против ова решение не е дозволена жалба.

Од Основен суд Велес.

Стечаен судија

Валентина Петровска